| 102 | - - б)Дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година | 713.505,00 | | | 74.470,00 |
| 105 | - - Д ВИШОК НА ПРИХОДИ (105=060=100) | 713.505,00 | | | 74.470,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 121 | - - I. АКТИВА: А). Парични средства и побарувања (122 ДО 129) | 713.505,00 | | | 74.470,00 |
| 122 | - - Сметка | 713.505,00 | | | 74.470,00 |
| 205 | - - ВКУПНА АКТИВА (121+130+135+142+148+152+ 157+160+166+170-177+181+185+189+193+197+201) | 713.505,00 | | | 74.470,00 |
| 246 | - - ПВР(247+248) | 713.505,00 | | | 74.470,00 |
| 247 | - - Дел од вишокот на приходите пренесени во наредната година | 713.505,00 | | | 74.470,00 |
| 258 | - - ВКУПНА ПАСИВА (207+211+212+215+216+220+ 223+226+231+235+242+246+ 249+252+255) | 713.505,00 | | | 74.470,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | **тековна година** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2546** | - 84.11 - Општи дејности на јавната управа | | | | 93.128.035,00 |

**Потпишано од:**

Marina Popovska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

ЕМБС: 06011012
Целосно име: ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Средства на буџетските корисници добиени по основ на донации /1
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

## Биланс на приходи и трошоци

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ (002+007+012+020+024+029+033+039) | 180.000,00 | | | 236.800,00 |
| 12 | - - в) СТОКИ И УСЛУГИ (ЗБИР ОД 013 ДО 019) | 180.000,00 | | | 236.800,00 |
| 17 | - - Договорни услуги | 180.000,00 | | | 236.800,00 |
| 59 | - - А) ВКУПНО РАСХОДИ (001+044+055) | 180.000,00 | | | 236.800,00 |
| 67 | - - Ѓ) ВКУПНО (059+060) =105, АКО 061 Е ПОГОЛЕМО ОД 060 ТОГАШ (059+061) =105 | 180.000,00 | | | 236.800,00 |
| 88 | - - IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ (089+090+091+092) | 180.000,00 | | | 236.800,00 |
| 90 | - - Донации од странство | 180.000,00 | | | 236.800,00 |
| 103 | - - А) ВКУПНО ПРИХОДИ(068+077+083+088+093+097+101+102) | 180.000,00 | | | 236.800,00 |
| 105 | - - В) ВКУПНО (103+104=067) | 180.000,00 | | | 236.800,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 2546 | - 84.11 - Општи дејности на јавната управа | | | | 236.800,00 |

**Потпишано од:**

Marina Popovska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

ЕМБС: 06011012
Целосно име: ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Средства на буџетските корисници добиени по основ на донации /4
Тип на документ: Изјава/Известување
Година : 2022

Листа на прикачени документи:
Изјава/Известување

**Потпишано од:**

Marina Popovska

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Годишен извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година**

1.Го објавувам Годишниот извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година донесен на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-344/3** **Општина Демир Хисар**
**16.03.2023 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2022 ГОДИНА**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА**

**ДЕМИР ХИСАР**
**2023 ГОДИНА**

**1.** ВОВЕД

**Основни податоци на општината**

**1.1. Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар**

Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 год. и одлуката за извршување на буџетот за 2022 год. се донесени на 24.02.2022 год.

Одлуки за измена на распоредот на средствата на Буџетот донесени на 27.07.2022 и 14.10.2022 одлуки за проширување на средствата донесени на 14.03.2022 год. и 27.07.2022 год.

Прв ребаланс 25.08.2022 год. Втор ребаланс 15.11.2022 год.

**2. Завршна сметка**

Завршната сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 год. се состои од:

| | **Планирано** | **Остварено** |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **182.621.763** | **155.924.852** |
| - даночни приходи | 21.580.612 | 22.378.902 |
| - неданочни приходи | 5.616.000 | 2.993.473 |
| - капитални приходи | 2.770.000 | 2.563.193 |
| - приходи од дотации | 92.491.846 | 92.414.530 |
| - трансфери | 44.282.505 | 33.698.596 |
| - донации | 15.880.800 | 1.876.158 |
| **Вкупни расходи** | **184.001.946** | **148.871.659** |
| - утврдени намени | 183.849.946 | 148.751.659 |
| - резерви | 152.000 | 120.000 |
| **ДЕФИЦИТ** | -1.380.183 | |
| **СУФИЦИТ** | | 7.053.193 |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | 1.380.183 | -7.053.193 |
| **Прилив** | 4.421.183 | -4.012.508 |
| - домашни приливи | / | / |
| - приливи од странски заем | / | / |
| - депозити | 4.421.183 | -4.012.508 |
| **Одлив** | 3.041.000 | 3.040.685 |
| отплата на главница | 3.041.000 | 3.040.685 |

**2.1 ПРИХОДИ НА ОПШТИНАТА**

| **приходи** | **Планирано 2022** | **Реализирано 2022** |
|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | **187.042.946** | **156.563.887** |
| 71 даночни приходи | 21.580.612 | 22.378.902 |
| 72 неданочни приходи | 5.616.000 | 2.993.473 |
| 73 капитални приходи | 2.770.000 | 2.563.193 |
| 74 трансфери и донации | 157.076.334 | 128.628.319 |
| 75 домашно задолжување | | |

На сметката основен буџет на општина Демир Хисар планирани се и реализирани следните приходи:

| ПРИХОДИ | Панирано 2022 | Реализ.2022 | % | Реализ.2021 | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | **73.381.000** | **59.705.771** | **81,36** | **49.948.161** | |
| **71 даночни приходи** | **21.580.612** | **22.378.902** | **108,33** | **17.440.280** | |
| 711 данок од доход, од добивка и капитал.добив. | 1.930.965 | 2.076.677 | | 1.548.116 | |
| 713 даноци на имот | 5.816.754 | 6.429.111 | | 5.698.283 | |
| 717 даноци на специфични услуги | 12.832.893 | 12.565.913 | | 10.163.213 | |
| 718 такси за користење или дозвола за врш.дејн. | 1.000.000 | 1.307.201 | | 30.668 | |
| **72 неданочни приходи** | **1.040.000** | **1.065.080** | **102,41** | **605.927** | |
| 722 глоби,судски и админ.такси | 200.000 | 204.990 | | 175.650 | |
| 723 такси и надоместоци | 400.000 | 375.979 | | 154.287 | |
| 724 други владини услуги | 0 | 0 | | 0 | |
| 725 други неданочни приходи | 440.000 | 484.111 | | 275.990 | |
| **74 трансфери и донации** | **47.990388** | **33.698.596** | **70,22** | **28.837.865** | |
| 741 трансфери од други нивоа на власт | 47.990.388 | 33.698.596 | | 28.837.865 | |
| **73 капитални приходи** | **2.770.000** | **2.563.193** | **92,53** | **3.064.089** | |
| 731 продажба на капитални средства | 0 | 0 | | 0 | |
| 733 продажба на земј.и header.вложуваеа | 2.770.000 | 2.536.193 | | 3.064.089 | |

На сметката за наменска дотација на општина Демир Хисар планирани се и реализирани следните приходи:

| Приходи | Планирано 2022 | Реализирано 2022 |
|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | **93.205.146** | **93.053.565** |
| **74 Трансфери и донации** | **93.205.146** | **93.053.565** |
| 741трансфери од други нивоа на власт | 93.205.146 | 93.053.565 |

сметката за донација на општина Демир Хисар планирани се и реализирани следните приходи:

| Приходи | Планирано 2022 | Реализирано 2022 |
|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | **15.880.800** | **1.876.158** |
| **72 неданочни приходи** | **0** | **0** |
| 725 други неданочни приходи | 0 | 0 |
| **74 трансфери и донации** | **15.880.800** | **1.876.158** |
| 741трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 |
| 742 донации од странство | 15.330.800 | 1.876.158 |
| 744 тековни донации | 550.000 | 0 |

сметката за самофинансирачки активности на општина Демир Хисар планирани се и реализирани следните приходи:

| Приходи | Планирано 2022 | Реализирано 2022 |
|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | **4.576.000** | **1.928.393** |
| **72 неданочни приходи** | **4.576.000** | **1.928.393** |
| 721 претприемачки приход и приход од имот | 0 | 0 |
| 722 глоби,судски и адм.такси | 0 | 0 |
| 723 такси и надоместоци | 4.516.000 | 1.917.499 |
| 724 други владини услуги | 0 | 1.840 |
| 725 други неданочни приходи | 60.000 | 9.054 |
| **74 трансфери и донации** | **0** | **0** |
| 741 трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 |

сметката за кредити на општина Демир Хисар планирани се и реализирани следните приходи:

| Приходи | Планирано 2022 | Реализирано 2022 |
|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | **0** | **0** |

| | | |
|---|---|---|
| **75 домашно задплжување** | **0** | **0** |
| 754 друго домашно задолжување | 0 | 0 |

**Остварување на приходи по основ на самофинансирачки активности по корисници во 2022 година**

| | |
|---|---|
| ЈОУДГ „Втори септември„ Демир Хисар | 1.246.503 |
| Дом на култура „Илинден„ Демир Хисар | 309.599 |
| СОУ„Крсте Петков Мисирков„ Демир Хисар | 391.538 |
| ОУ „Гоце Делчев„ Демир Хисар | 201.225 |
| ОУ „Браќа Миладиновци„ Жван | 1.082 |
| ОУ „Даме Груев„ Смилево | 1.326 |

## 2.2. РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА

| **РАСХОДИ** | **Планирано 2022** | **Реализирано 2022** |
|---|---|---|
| **Вкупно расходи** | **187.042.946** | **151.912.344** |
| **40 плати наемнини и надоместоци** | **104.743.921** | **103.831.603** |
| **41 резерви и недифинирани расходи** | **152.000** | **120.000** |
| **42 стоки и услуги** | **33.692.275** | **29.412.298** |
| **45 каматни плаќања** | **3.100** | **3.023** |
| **46 субвенции и трансфери** | **15.972.000** | **4.545.386** |
| **47 социјални бенефиции** | **1.600.000** | **1.427.500** |
| **48 капитални расходи** | **27.838.650** | **9.531.849** |
| **49 отплата на главница** | **3.041.000** | **3.040.685** |

сметката основен буџет на општина Демир Хисар планирани се и реализирани следните расходи

| расходи | Панирано 2022 | Реализ.2022 | % | Реализ.2021 |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно расходи** | **73.381.000** | **56.893.526** | **77,53** | **49.948.161** |
| **40 плати наемнини и надоместоци** | **23.873.260** | **23.110.529** | **96,81** | **22.379.038** |
| 401 основни плати и надоместоци | 15.372.260 | 14.809.656 | | 14.349.880 |
| 402 придон.за социјално осигурување | 5.971.000 | 5.783.070 | | 5.622.985 |
| 404 надоместоци | 2.530.000 | 2.517.803 | | 2.406.173 |
| **41 резерви и недифинирани расходи** | **152.000** | **120.000** | **78,95** | **30.000** |
| 412 постојана резерва | 12.000 | 0 | | 0 |
| 413 тековни резерви | 140.000 | 120.000 | | 30.000 |
| **42 стоки и услуги** | **16.649.990** | **15.388.291** | **92,42** | **12.154.850** |
| 420 патни и дневни расходи | 95.000 | 79.710 | | 73.798 |
| 421 ком.услуги,греење,комуник. и транспорт | 9.598.000 | 9.143.632 | | 6.578.913 |
| 423 ситен инвен.алат и др.материјали за поправка | 410.824 | 299.148 | | 591.587 |
| 424 поправки и тековно одржување | 3.840.000 | 3.539.701 | | 2.496.995 |
| 425 договорни услуги | 1.357.720 | 1.242.328 | | 1.408.001 |
| 426 други тековни расходи | 1.138.446 | 1.083.772 | | 1.005.556 |
| 427 привремени вработувања | 210.000 | 0 | | |
| **45 каматни плаќања** | **3.100** | **3.023** | **97,52** | **10.357** |
| 452 каматни плаќања кон домашни кредитори | 3.100 | 3.023 | | 10.357 |
| **46 субвенции и трансфери** | **4.617.000** | **4.482.986** | **97,10** | **3.961.966** |
| 463 трансфери до невладини организации | 360.000 | 311.600 | | 146.500 |
| 464 разни трансфери | 4.257.000 | 4.171.386 | | 3.815.466 |
| **47 социјални бенефиции** | **1.600.000** | **1.427.500** | **89,22** | **1.360.088** |
| 471 социјални надоместоци | 1.600.000 | 1.427.500 | | 1.360.088 |
| **48 капитални расходи** | **23.444.650** | **9.320.512** | **39,76** | **8.938.834** |
| 480 купување на опрема и машини | 440.000 | 270.972 | | 166.840 |
| 481 градежни објекти | 0 | 0 | | 1.383.347 |
| 482 други градежни објекти | 20.804.650 | 6.978.935 | | 5.343.647 |
| 483 купување мебел | 0 | 0 | | 0 |
| 485 вложувања и нефинансиски средства | 200.000 | 70.800 | | 0 |
| 486 купување на возила | 2.000.000 | 1.999.805 | | 2.045.000 |
| **49 отплата на главница** | **3.041.000** | **3.040.685** | **99,99** | **1.113.028** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 491 отплата на главница | 3.41.000 | 3.040.685 | | 1.113.028 |

сметката за наменска дотација на општина Демир Хисар планирани се и реализирани следните расходи:

| расходи | Планирано 2022 | Реализирано 2022 |
|---|---|---|
| **Вкупно расходи** | **93.205.146** | **93.053.565** |
| **40 плати наемнини и надоместоци** | **80.870.661** | **80.721.074** |
| 401 основни плати и надоместоци | 58.082.902 | 57.994.649 |
| 402 придонеси за социјално осигурување | 22.787.759 | 22.726.425 |
| 404 надоместоци | 0 | 0 |
| **42 стоки и услуги** | **12.125.485** | **12.124.501** |
| 420 патни и дневни расходи | 40.000 | 40.000 |
| 421 комун.услуги,грење,комуникација и транспорт | 5.831.962 | 5.831.681 |
| 423 ситен инвен.алат и др.материјали за поправка | 1.451.600 | 1.450.903 |
| 424 поправка и тековно одржување | 1.044.676 | 1.044.676 |
| 425 договорни услуги | 3.420.857 | 3.420.856 |
| 426 други тековни расходи | 336.390 | 336.385 |
| **46 субвенции и трансфери** | **45.000** | **45.000** |
| 464 разни трансфери | 45.000 | 45.000 |
| **48 капитални расходи** | **164.000** | **162.990** |
| 480 купување на опрема и машини | 164.000 | 162.990 |
| 481 градежни објекти | 0 | 0 |
| 482 други градежни објекти | 0 | 0 |
| 483 купување мебел | 0 | 0 |

сметката за донација на општина Демир Хисар планирани се и реализирани следните расходи:

| расходи | Планирано 2022 | Реализирано 2022 |
|---|---|---|
| **Вкупно расходи** | **11.880800** | **236.800** |
| **42 стоки и услуги** | **730.800** | **236.800** |
| 420 патни и дневни расходи | 0 | 0 |
| 421 комун.услуги,греење комун.итранспорт | 250.000 | 0 |
| 423 ситен инвен.алат и др.материјали за поправка | 20.000 | 0 |
| 424 поправка и тековно одржување | 40.000 | 0 |
| 425 договорни услуги | 380.800 | 236.800 |
| 426 други тековни расходи | 40.000 | 0 |
| **46 субвенции и трансфери** | **11.150.000** | **0** |
| 464 разни трансфери | 11.150.000 | 0 |
| **48 капитални расходи** | **0** | **0** |
| 480 купување на опрема и машини | 0 | 0 |
| 482 други градежни објекти | 0 | 0 |
| 486 купување на возила | 0 | 0 |

На сметката за самофинансирачки активности на општина Демир Хисар планирани се и реализирани следните расходи:

| расходи | Планирано 2022 | Реализирано 2022 |
|---|---|---|
| **Вкупно расходи** | **4.576.000** | **1.728.453** |
| **42 стоки и услуги** | **4.186.000** | **1.662.706** |
| 420 патни и дневни расходи | 50.000 | 28.660 |
| 421 комун.услуги,греење комун.итранспорт | 1.488.000 | 407.690 |
| 423 ситен инвен.алат и др.материјали за поправка | 1.358.000 | 775.314 |
| 424 поправка и тековно одржување | 531.000 | 58.713 |
| 425 договорни услуги | 488.000 | 226.179 |
| 426 други тековни расходи | 271.000 | 166.150 |
| **46 субвенции и трансфери** | **160.000** | **17.400** |
| 464 разни трансфери | 160.000 | 17.400 |

| | | |
|---|---|---|
| **48 капитални расходи** | **230.000** | **48.347** |
| 480 купување на опрема и машини | 230.000 | 48.347 |

сметката за кредити на општина Демир Хисар планирани се и реализирани следните расходи:

| расходи | Планирано 2022 | Реализирано 2022 |
|---|---|---|
| **Вкупно расходи** | **0** | **0** |
| **48 капитални расходи** | **0** | **0** |
| 482 други градежни објекти | 0 | 0 |
| 486 купување на возила | 0 | 0 |

**3.Извештај за основни средства,побарувања и обврски**

**Основни средства**

Во билансот на состојба за 2022 година вкупната сегашна вредност на основните средства изнесува 329.336.466,00 од кои 11.310.856,00 се природни богатства ( земјиште-фудбалски игралишта) 272.709.905,00 (336.120.158,00 набавна вредност, 63.410.253,00 исправка) градежни објекти (админ.згради, улици,патишта,водоводи, канализации), 18.290.296,00 (22.562.950,00 набавна вредност, 4.272.654,00 исправка) деловни објекти и 27.025.409 ,00 (56.980.433,00 набавна вредност, 29.955.024,00 исправка) опрема, 1.626.084,00 се материјални средства во подготовка ( инвестиции во тек) и 3.523.391,00 се нематеријални средства (основачки вложувања и вложувања во изработка на проекти).

**Побарувања**

Вкупните побарувања на општината заклучно со 31.12.2022 година според книговодствената евиденција изнесуваат 13.206.194,00 денари. Тоа се побарувања од правни и физички лица по основ на данок на имот 5.229.734,00, побарувања од правни лица за комунална такса за истакната фирма 1.305.837,00 како и побарувања по основ на закупнини и други основи 6.670.623,00.

**Обврски**

Согласно книговодствената евиденција заклучно со 31.12.2022 година вкупните обврски на општината по основ на неисплатени фактури кон добавувачи изнесуваат 16.222.685,00 денари, (од кои 2.852.562,00 по спогодба со АД ЕЛЕМ).

Обврски спрема советници за неисплатен надомест за присуство на седница и други краткорочни обврски 342.839,00 денари и 38.087,00 денари обврски за неисплатен персонален данок по истите основи.

Обврските спрема вработените за неисплатени плати и придонеси изнесуваат 1.968.972 ,00 денари.

-Обврска за долгорочен кредит 10 години за изградба на локален пат Обедник-Смилево манастир Св.Петар 7.234.667,00

-Обврска за долгорочен кредит 10 години за набавка на четири минибуси 11.911.766,00

-Обврска за долгорочен кредит 10 години за реконструкција на улици во Демир Хисар ( Јордан Пиперката, Илинденска, Ѓорѓи Сугарев, дел од Први мај и дел од Партизанска) 5.091.351,00

**4. Извештај за реализација на програмите за комунални дејности**

**ЕА Капитални трошоци на општината**

**480** – 60.508 (22.992,00 мобилен телефон, 28.500,00 три камини за три подрачни основни училишта од ОУ „Гоце Делчев„ Демир Хисар и 9.016,00 радијатор во канцеларија кај Градоначалник)

**485**- 70.800,00 изработка на проценка на недвижен имот за определување на надомест за експропријација на

градежно земјиште за изградба на канализација во Белче
**486** - 1.999.805,00 исплатено на Центар за развој на Пелагониски регион за возило во ТППЕ
**Ј 2Одведување и пречистување на отпадни води**
**424**- 666.755,00 (40.291,00 изработка на сливник на улица Веле Марков во Демир Хисар, 261.909,00 пропуст во Суводол, 65.384,00 пропуст кај градски стадион, 10.384,00 работа во Бараково ископ на канал и поставување цевки, 22.066,00 работа во црква Прибилци ископ на канал и поставување цевки, 6.300,00 чистење на канализација во Сопотница, 10.620,00 чистење на канал за наводнување во Растојца, 28.556,00 извршени работи на канал за наводнување во Кутретино, 15.576,00 чистење на речно корито во Доленци, 43.660,00 чистење на речно корито и изведување на градежни работи на бетонски цеваст пропуст во Сопотница, 9.671,00 чистење на канализација во Сопотница и 54.280,00 чистење на селска река и исфрлање на шут во Сопотница, 17.700,00 отклонување на дефект на канализација во Сопотница, 12.980.,00 чистење на речно корито во Мренога, 1.888,00 превоз на цевки во Боишта, 46.256,00 поставување на цевки на крак на канализација во Слепче, поставување на цевки за атмосверска канализација во Слепче, чистење речно корито на Стара Река во Мургашево, рамнење насип од порој во Суводол, 10.856,00 чистење речно корито на Стара Река во Мургашево, 8.378,00 чистење на пропуст во Вирово)
**Ј 3Јавно осветлување**
**421**- 5.524.042,00 (тековни фактури за улично и рати за ЕЛЕМ-1.223.168,00)
**424**- 317.903,00 поправки и одржување на улично
**Ј 4Јавна чистота**
**421**- 845.706,00 јавна чистота
**Ј 6Одржување и заштита на локални патишта и улици**
**424**- 2.004.532,00 ( 781.984,00 по план за одржување патишта, 12.980,00 чистење на пат за манастир Лесково, 5.192,00 чистење на банкини на пат за Прибилци, 9.086,00 чистење на пат за Вардино, 37.170,00 изградба на потпорен ѕид во Вирово, 7.788,00 насипување на потпорен ѕид во Единаковци, 5.192,00 работа на пат во Бараково, 13.157,00 работа на пат во Слоештица, 14.160,00 расчистување и превоз на земја во Граиште, 3.776,00 извршени работи на улица Веле Марков во ДХисар, 10.384,00 машински ископ и насипување на потпорни ѕидови во Вирово, 668.455,00 зимско одржување, 3.776,00 превоз на тампон каменолом-Слоештица, 47.566,00 чистење на земја и тампонирање на улица Веле Марков Демир Хисар, 25.960,00 чистење на одрони и работа кај црква Мало Илино, 25.830,00 бетонски цевки за пат Боишта, 137.588,00 товарање и превоз на тампон за манастир Сопотница, за манастир Слепче, работа на плоштад, работа на пат во Слоештица, Демир

Хисар, Базерник, Боишта, Растојца, Вардино, 3.894,00 чистење на пат за манастир Стругово, 10.384,00 чистење на земјен пат за манастир Вирово-Боишта, 42.952,00 чистење терен околу црква Стругово,Света, манастир Св.Петар Смилево, 23.010,00 косење трева на пат Слепче за манастир Св.Јован, пат Журче за манастир Св.Атанасиј и пат Вирово-Церово-Боишта, 18.172,00 машински ископ и рамнење на пат за манастир Вардино, 14.632,00 утовар и исфрлање на земја и шут од градски стадион Демир Хисар, 15.576,00 ископ со порамнување на пат за манастир во Жван, 14.042,00 санација на ударни дупки на улица 11ти октомври и Кутретино, 51.826,00 набавка и транспорт на тампон за градски стадион,за пат Света и пат Единаковци.)

**Ј 8Други комунални услуги**

**421-** 669.987,00 (281.484,00 заловување на бездомни кучиња, кастрација, стерилизација, транспорт до прифатилиште, лабараториски испитувања, вакцина, закопување на мртви кучиња, 7.906,00 машински ископ и оградување на вир во Жван, 16.756,00 земање под наем автодигалка за санирање на покрив на дом во Слоешитица и санирање на улично,
11.682,00 рамнење на земја по линија за одвод и работа кај црква Белче, 35.990,00 уредување на терен и чистење на смет кај црква Стругово,13.452,00 уредување на терен и тампонирање
кај ловна куќа Журче, 141.600,00 работа на депонија за време на пожар, 73.160,00 чистење на диви депонии во Прибилци, Стругово, Слепче и Бараково. 9.086,00 чистење и оградување на вир за водици во Суводол, 13.735,00 извршени работи на градски плоштад, сечење бетон, утова и транспорт, 8.496,00 земање под наем автодигалка за работа на улично, 56.640,00 машински ископ на ров за кабел Стругово за манастир Св.Атанасиј, )

**424** - 89.281,00 дезинфекција,дезинсекција и дератизација

**425** - 100.000,00 ангажирање на лица по договор со персонален данок за извршување на јавни работи

**ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

**482-** 6.968.315 (6.823 ревизија на проект за изградба на тротоар на улица 1ви Мај ДХисар, 4.236.256,00 реконструкција на улица Гоце Делчев Демир Хисар, 59.000,00 надзор врз реконструкција на улица 2во Сопотница, 7.120,00 технички надзор на објект улица Гоце Делчев Демир Хисар, 20.460,00 изработка на основни проекти и елаборати за реконструкција на улица 1и улица 3во Сопотница, 11.904,00 изработка на основен проект и елаборат за реконструкција на улица 11ти Октомври ДХисар, 31.000,00 основен проект за изградба на тротоар на улица 1ви Мај ДХисар, 1.642.919,00 платено дел од износ за пат за манастир Св.Тома Граиште, 890.777,00 изградба на коловоз

на крак на улица Партизанска Демир Хисар, 50.056,00 надзор на објект изградба на локален пат правец за манастир Св.Тома Граиште, 12.000,00 надзор на објект изградба на крак на улица Партизанска Демир Хисар.)

**ЈН Урбана опрема (капитални расходи)**

**480** – 210.464,00 столбни канти за отпад 70 парчиња

**Л0 Спорт и рекреација**

**463** - 188.600,00 (85.000,00 трансфер на ОФС Струга за учество по барање на ФК Демир Хисар, 4.800,00 трансфер на ОФС Битола за брисовници, 3.800,00 трансфер на ОФС Прилеп за брисовници, 55.000,00 трансфер на ОФС Битола по барање на ФК ДХисар котизација за учество во трета лига Југозапад, 40.000,00 трансфер на здружение „Валентин Стефановски„)

**464-** 20.000,00 финансиска помош по барање за организирање на меморијален турнир во мал фудбал во чест на Виктор Илиоски.

**ЛА Спорт и рекреација (капитални расходи)**

**482-** 10.620,00 проект за уредување на детско игралиште во градски парк Демир Хисар

**5. Извештај за користењето на финансиските средства од тековните резерви**

Од тековните резерви во 2022 година конто 413 – реализација 120.000,00.

Бр.17-304/5
14.03.2023 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател
Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на ОДЛУКА**

**За усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средствата, побарувањата и обврските во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2022 година**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средствата, побарувањата и обврските во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2022 година донесена

на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-344/4 Општина Демир Хисар**
**16.03.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 ) и член 34 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници („Службен весник на РМ “ бр.28/2003, 62/2006, 8/2009, 175/11 и 101/13) и член 43 став 1 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) Советот на општина Демир Хисар, на седницата одржана на ден 14.03.2023 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средствата, побарувањата и обврските во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2022 година**

Член 1
Се усвојува извештајот бр. 08-1555/2 од 17.01.2023 година, за извршениот годишен попис на основните средства, ситниот инвентар, побарувањата, обврските и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Демир Хисар, со состојба на ден 31.12.2022 година.

Член 2
Составен дел на оваа одлука е извештајот од извршениот годишен попис на основните средства, ситниот инвентар, побарувањата, обврските и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Демир Хисар во 2023 година, со состојба на ден 31.12.2022 година, бр. 08-1555/2 од 17.01.2023 година.

Член 3
Се задолжува Одделението за финансиски прашања да ја спроведе постапката во сметководството на општина Демир Хисар, врз основа на оваа одлука и извештајот од комисијата.

Член 4
Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр.17-304/6 Совет на општина Демир Хисар
14.03.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Завршна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година донесен на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-344/5 Општина Демир Хисар**
**16.03.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 26 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21/, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.03.2023 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Завршна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.12.2022година**

1. СЕ УСВОЈУВА Завршната сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 31.12.2022 година донесена со Одлука на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар бр.0202-71/3 од 28.02.2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.
3. По еден примерок од Заклучокот се доставува до Архива на Општина Демир Хисар и ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

Бр.17-304/7 Совет на општина Демир Хисар
14.03.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмски извештај за работа на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар за 2022 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмскиот извештај за работа на Домот на културата „Илинден“ од Демир Хисар за 2022 година донесен на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-344/6 Општина Демир Хисар**
**16.03.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.03.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Програмски извештај за работа на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар за 2022 година**

1. Се усвојува Програмскиот извештај за работа на Домот на културата „Илинден“ од Демир Хисар за 2022 година донесен со Одлука на УО на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар бр.02-16/2 од 27.02.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Заклучокот се доставува до Архива на Општина Демир Хисар и Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.

Бр.17-304/8 Совет на општина Демир Хисар
14.03.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2022 година на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок дотацијата за 2022 година на Домот на културата „Илинден“ од Демир Хисар донесен на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-344/7 Општина Демир Хисар**
**16.03.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.03.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2022 година на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар**

1. Се усвојува Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени како и спрецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок дотацијата за 2022 година на Домот на културата „Илинден“ од Демир Хисар донесена со Одлука на УО на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар бр.02-16/3 од 27.02.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Заклучокот се доставува до Архива на Општина Демир

Хисар и Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.

Бр.17-304/9 Совет на општина Демир Хисар
14.03.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на План за работа на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Планот за работа на Домот на културата „Илинден“ од Демир Хисар за 2023 година донесен на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-344/8 Општина Демир Хисар**
**16.03.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.03.2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на План за работа на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година**

1. Се усвојува Планот за работа на Домот на културата „Илинден“ од Демир Хисар за 2023 година донесен со Одлука на УО на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар бр.02-16/8 од 27.02.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Заклучокот се доставува до Архива на Општина Демир Хисар и Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар.

Бр.17-304/10 Совет на општина Демир Хисар
14.03.2023 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување ПЛАН**
**за контрола на популацијата на бездомни кучиња**
**на територијата на Општина Демир Хисар**
**за период 2023-2026 година**

1.Го објавувам ПЛАНОТ за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за период 2023-2026 година донесен на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-344/9**
**16.03.2023 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

**ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# ПЛАН ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

## ЗА ПЕРИОД 2023-2026 година

Јануари 2023 година
Демир Хисар

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16г) а согласно член 43 точка 24 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен Гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09г), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, донесе:

**ПЛАН**
**За контрола на популацијата на бездомни кучиња**
**на територијата на Општина Демир Хисар**
**за период 2023-2026 година**

**ВОВЕД**

Повеќегодишниот план за решавање на проблемот со бездомните животни - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, се базира на одредбите содржани во членовите 26, 27, 28, 29 и член 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр. 149/14; 149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон, како и во согласност со актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните, и препораките на Светската здравствена организација за заштита на животните.
Со овој План се утврдува стратегијата, активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето, за планиран период од четири години односно од 2023-2026 година, за кој период сметаме дека ќе успееме во обврската да ја ставиме под контрола популацијата на кучињата на територијата на нашата општина.
За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомните животни, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и одржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно врќање на територијата од која се заловени, што ќе се уредува со носење на годишни програми и дополнувања во Одлуката за комунален ред на Општина Демир Хисар.
Поточно со Планот и годишните програми се предвидува заловување и масовна стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани

како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата на животните истите се враќаат на територијата од којашто биле заловени и каде што продолжуваат да живеат. Поради порастот на популацијата, за најбрз загарантиран ефект препорачливо е 70% од кучињата во одредено географско подрачје да се стерилизираат/кастрираат во рок од 6 месеци. Со 75% стерилизирани/кастрирани единки, процентот на напредок на популацијата станува 0%, по што бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

По стерилизација/кастрација сите животни ќе се вакцинираат, ќе се обележат (ушна маркичка или чип), ќе се фотографирааат и регистрираат.

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Општина Демир Хисар како основен носител на Планот и годишните програми и релевантен субјект во решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, ќе се раководи од следните принципи:

***Принципи за контитуитет*** – Повеќегодишниот План ќе се остварува со донесување и реализација на годишни програми, со градење на стратегија, и ќе се надоврзува на останати проекти кои се претходно направени, усвоени и применувани во оваа област (или алтернативно кои ќе бидат направени)

***Универзален принцип*** – со Планот се предвидува повеќегодишно сеопфатно третирање и надминување/решавање на проблемите во врска со чувањето на животни од неодговорен однос кон животните, нивно неадекватно чување и неконтролирано размножување, како и напуштање и занемарување, проблеми кои се во најголема мерка главен причинител за зголемување бројот на напуштени животни. Од тие причини клучно е да се превземат мерки кои ќе резултираат со зголемување на одговорноста на сопствениците на животни.
Комуналната редарска служба ќе продолжи да врши контрола на терен за спроведување на обврските на граѓаните согласно дополнувањето на Одлуката за комунален ред. Од овие причини неопходно е да се изврши и дополнување на Оддлуката за комунален ред на подрачјето на Општина Демир Хисар со кои ќе се уреди:
Обврската за идентификација и регистрација на домашни миленици,
Нивна заштита од суровост и занемарување, начин на сместување и чување под соодветни услови за секој вид на куче во сопствената дворна површина
Ќе се забрани непреченото размножување на сопственичките кучиња освен во услови на регистрирана одгледувачница и
Предвидат санкции за напуштањето миленик
Општина Демир Хисар во соработка со локалните образовни и социјални институции ќе ги запознава најмладите категории на граѓани со етичките и законски обврски на сопствениците на миленици, преку едукативни предавања.

***Принцип на одржливост*** - Планот воспоставува систем за контрола и со самото тоа намалување на популацијата на бездомни кучиња од населението во општината, со што трајно ќе се реши овој проблем, односно ќе има постојана контрола на него;
Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните и одговорен однос кон животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

• Да се воведе концептот на одговорно сопственишто, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
• Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
• Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
• Да се промовира одговорна грижа за „маалските“ бездомни кучиња;
•Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
• Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
• Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
•Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;
• Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

***Принцип на соработка*** – Планот се реализира преку заеднички напори и соработка на релевантните државни и локални власти, ветеринарните организации, комуналните претпријатија и пред се здруженијата за заштита на животни.

**ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ**

Главната цел на Планот е **контрола над популацијата на бездомните кучиња** во Општина Демир Хисар, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку:
**1)** спроведување на стратегијата „залови –стерилизирај – вакцинирај – врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица и
**2)** комплементарност со друг вид мерки предвидени во рамки на Одлука за комунален ред и/или друг вид правни акти во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашни миленици (забрана за неконтролирано размножување на милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање)

Со спроведувањето на повеќегодишниот план се воспоставува т.е. гарантира минимална и контролирана бројка на напуштени кучиња на јавните места кои ја штитат локацијата од прилив на нови единки (непознати на населението, репродуктивно способни), со што ќе се избегнат непријатностите и потешките последици за граѓаните и самите животни.

**Контролата на популацијата на бездомните кучиња** првенствено се постигнува со стерилизацијата/кастрацијата, вакцинацијата, обележување и повторното враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Се превенираат несакани раѓања, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата, се избегнува нехуманото усмртување кое проблемот само го продлабочува. Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните, случаите на каснувања опаѓаат за 95%. Кучињата се вакцинирани, прочистени од внатрешни и надворешни паразити и здрави. Се воспоставува контрола на теренот при што се исклучува можноста за појава на беснило. Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат. Вратени на локацијата од која се заловени ја чуваат локацијата од миграција на други единки со што се превенираат болести и зарази. Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Со позитивни законски акти кои ќе го опфатат одговорното сопственништво и примена на системска стерилизација/кастрација, проблемот се решава ефикасно, хумано и трајно. „Залови – стерилизирај - вакцинирај – врати“ е востановена како еднинствена ефикасна стратегија и од страна на Светската Здравствена Организација.
Напореден сегмент битен за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни **е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици** во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување чиповање и регистрација на сопствениците на кучиња, едукација на сопствениците, казнување за неодговорните сопственици.

## ПРЕДМЕТ НА ПЛАНОТ

Предмет на Планот е определување на мерки и активности што треба да се превземат во период од 2023 до 2026 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња. Активностите на планот ќе се извршуваат во согласност со одредбите од Актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните кои се однесуваат на бездомните кучиња-скитници со посебен акцент на одредбите кои се однесуваат на болестите беснило и лајшманиоза.
Активностите за хумано третирање на бездомните кучиња-скитници на територијата на Општина Демир Хисар подразбираат:
-заловување на кучињата,
-транспорт до прифатилиште,
-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,
-лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,
-ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,
-постоперативно сместување и нега,
-вакцинација и дехелментација,
-идентификација и водење евиденција,
-спроведување на тест за социјализација,
-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,
-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,
-едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

### 4.1 **Заловување и транспорт**

Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата активност која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на персоналот кон јавноста и особено кон заловените животни може да даде позитивна слика за целата активност, но од друга страна, некоректно сработено, може да ги траумира животните, изложи на физичка и психолошка болка, а последователно и да предизвика многу несакани реакции од лицата во непосредната околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, изборот на персоналот треба да биде соодветен на самата процедура, лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата.
Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни треба да се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, пушка (сафари) за привремено успивање со средство за времена парализа - успивање, корпи-кафези за транспорт, околувратници и водилки. На лице место се врши теренска идентификација на посебни обрасци за евиденција и идентификација-секое

заловено куче веднаш се евидентира, се заведуваат податоци за животното како раса, пол старост, особени знаци, место на заловување и др.
Транспортот од местото на заловување до прифатилиште, се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните.

**4.2 Престој во прифатилиште, ветеринарно медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња**
Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија. Прифатилиштето треба да обезбедува елементарни услови за спроведување на соодветни мерки и персонал за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е потребно лекување на животните.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Медицински третман на здрави кучиња ќе се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третиранита кучиња и обележани со микрочип се враќаат во реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативниот систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.
Кучињата скитници кај кои лабораториски (од акредитирана лабораторија) ќе биде потврдена болеста лајшманиоза ќе се третираат согласно важечката Годишна наредба за здравствена заштита на животните.

Тест за социјализација се спроведува кај третираните кучиња согласно законските прописи. Тестот за социјализација се врши согласно важечкиот Правилник за начинот на спроведување на тест за социјализација на куче и истиот се спроведува од страна на лица овластени од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство. После спроведениот тест за социјализација, кучињата кои ќе бидат прогласени за опасни не се враќаат на местата каде се заловени и понатамошно се третираат согласно важечкиот правилник односно се остава можност истите да бидат вдомени во рок од 30 дена. Доколку не бидат вдомени, истите се еутанизираат во постапка согласно важечки правилник.

Еутаназијата се врши:

-во согласност со важечките законски прописи и наредби;

-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни;

-кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни и

-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

**4.3 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението**

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Промовирање на разни форми на комуникација со граѓаните, спроведување едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, организирање акции и настани за вдомување на кучиња, се важен дел кој на подолг рок ќе го ограничи бројот на кучиња на улица и ќе овозможи одржливост на планските активности.

**ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ**

Планот предвидува, согласно со финансиските можности на општината, интензитетот на заловување и третирање на бездомни кучиња на територија на Општина Демир Хисар, во 2023 година да изнесува околу 30 кучиња на годишно ниво, а останатите три години по околу 60 кучиња, капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување до 10 бездомни кучиња/месечно. Проценето е дека на ниво на општината бројот на бездомни кучиња се движи околу 200 до 300 единки.

Согласно Планот, сите подетални активности ќе се предвидат во Годишни програми за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територија на Општина Демир Хисар.

**БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите кои се предвидени во Планот, а ќе бидат подетално опишани во Годишните програми, ќе се финансираат од Буџетот на Општина Демир Хисар, со средства од Програмата на активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за планираниот период 2023-2026 година. Општина Демир Хисар ќе врши трансфер на средства на изведувачот на програмите, избран на јавен повик.

Планираните финансиски средства на годишно ниво за периодот опфатен во Планот 2023-2026 година се прикажани во табелата подолу.

| **Ред. број** | **Година** | **Финансирање** | **Сума/денари** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. | 2023 | Општина Демир Хисар | 200.000,00 |
| 2. | 2024 | Општина Демир Хисар | 400.000,00 |
| 3. | 2025 | Општина Демир Хисар | 400.000,00 |
| 4. | 2026 | Општина Демир Хисар | 400.000,00 |
| | | | |
| **Вкупно** | | | **1.400.000,00** |

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар, за период 2023-2026 година, ќе се применува по одобрување на истиот од Агенцијата за храна и ветеринарство на РСМ и донесување од страна на Совет на Општина Демир Хисар. Надзор над реализација на Планот ќе врши Одделението за инспекциски надзор во Општина Демир Хисар.

Бр. 17- 304/11 Совет на Општина Демир Хисар
14.03.2023 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**з а о б ј а в у в а ње ПРОГРАМА**
**за контрола на популацијата на бездомни кучиња**
**на територијата на Општина Демир Хисар**
**за 2023 година**

**1.Ја објавувам Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година донесена на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.**

**2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.**

**Бр.08-344/10 Општина Демир Хисар**
**16.03.2023 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

**ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

ЗА 2023 година

Јануари 2023 година
Демир Хисар

**Врз основа на член 28 став 3 од Законот за заштита и благосостојба на животните (`Службен весник на РМ“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16г ) а согласно член 43 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар (`Службен Гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05 и 7/09г ), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, донесе:**

**ПРОГРАМА**
**За контрола на популацијата на бездомни кучиња**
**на територијата на Општина Демир Хисар**
**за 2023 година**

## 1. ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третитање на бездомните кучиња-скитници, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња за 2023 година е изработена согласно член 28 од Законот за заштита и благосостојба за животните („Сл. Весник на РМ“ број 149/14, 149/15 и 53/16г), во согласност со актуелната Годишна наредба за здравствена заштита на животните како и во

согласност со Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за периодот 2023-2026г.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземат во 2023 година за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.
Активностите за хумано третирање на бездомните кучиња-скитници на територијата на Општина Демир Хисар ќе опфатат:
-заловување на кучињата,
-транспорт до прифатилиште,
-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,
-лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,
-ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,
-постоперативно сместување и нега,
-вакцинација и дехелментација,
-обележување со микрочип,
-спроведување на тест за социјализација,
-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,
-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство,
-едукација и подигнување на јавната свест кај населението.

## 4. ОПИС НА АКТИВНОСТИ

### 4.1 Заловување на кучињата

Согласно законските прописи општината е надлежна да врши собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затекнат на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги сместат во соодветни објекти-прифатилишта. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање.

Постапката на заловување на кучињата ќе се врши од страна на избраниот оператор со кој Општина Демир Хисар ќе склучи договор за извршување на услугите, кој треба да поседува прифатилиште со одобрение од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Заловувањето на бездомните кучиња се врши од страна на квалификувани лица на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

**4.2 Престој во прифатилиште, ветеринарно медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња**

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

-во согласност со важечките законски прописи и наредби;

-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни;

-кога кучињата претставуваат опасност кон луѓето или другите животни и

-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третиранита кучиња и обележани со микрочип се враќаат во реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативниот систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

Кучињата скитници кај кои лабораториски (од акредитирана лабораторија) ќе биде потврдена болеста Лајшманиоза ќе се третираат согласно важечката Годишна наредба за здравствена заштита на животните-дел 2.ЗАРАЗНИ И ПАРАЗИТСКИ БОЛЕСТИ КАЈ КУЧИЊАТА.

Спроведување на тест за социјализација- се врши согласно важечкиот Правилник за начинот на споведување на тест за социјализација на куче. После спроведениот тест за социјализација, кучињата

кои ќе бидат прогласени за опасни не се враќаат на местата каде се заловени и понатамошно се третираат согласно важечки Правилник односно се остава можност истите да бидат вдомени во рок од 30 дена. Доколку не бидат вдомени истите се еутанизираат во постапка согласно важечкиот Правилник.

### 4.2 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучиња.

За реализација на предвидените активности во програмата ќе се остварува соработка со невладини организации и здруженија кои се занимаваат со заштита на кучињата скитници.

## 5. ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Согласно расположивите финансиски средства во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година, оваа година се предвидува да се третираат околу 30 кучиња на територијата на општината.

Според проценки од увидот на терен и редовните контакти со активисти од здруженијата за заштита на бездомните кучиња, бројот на кучиња скитници е значително поголем и ги надминува финансиските можности на општината според Буџетот за 2023г. Според Планот за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар проценето е дека егзистираат околу 200 до 300 бездомни кучиња кои треба да се третираат во период од четири години (2023-2026г).

Се предвидува интензитетот на заловување и капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување на 10 бездомни кучиња/месечно.

## 6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите утврдени во табелата подолу ќе се финансираат од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година, со средства од Програмата за други комунални услуги. Општина Демир Хисар ќе изврши трансфер на средства на изведувачот на програмата, врз основа на доставени фактури за извршените активности потврдени од службеното лице со задолжение од Градоначалникот на општината.

| Реден број | Активност | Финансирање | Сума/денари |
|---|---|---|---|
| **Заловување, транспорт, идентификација и евиденција** | | | |
| 1. | Заловување на бездомни кучиња | Општина Демир Хисар | 13.000,00 |
| 2. | Идентификација и евиденција | Општина Демир Хисар | 16.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3. | Транспорт до прифатилиште | Општина Демир Хисар | 4.000,00 |
| 4. | Карантински престој (набљуд. и преглед од ветеринар) | Општина Демир Хисар | 8.000,00 |
| 5. | Престој во прифатилиште | Општина Демир Хисар | 30.000,00 |
| **Медицински третман на кучињата** | | | |
| 6. | Лабараториско испитување и вакцинација | Општина Демир Хисар | 26.000,00 |
| 7. | Овариохистеректомија и орхиектомија (стерилизација и кастрација) | Општина Демир Хисар | 40.000,00 |
| 8. | Постоперативно сместување и нега | Општина Демир Хисар | 11.000,00 |
| 9. | Еутаназија | Општина Демир Хисар | 5.000,00 |
| 10. | Закопување на мртви кучиња | Општина Демир Хисар | 5.000,00 |
| 11. | Транспорт | Општина Демир Хисар | 4.000,00 |
| 12. | Тест за социјализација на опасни бездомни кучиња | Општина Демир Хисар | 30.000,00 |
| **Подигнување на јавната свест** | | | |
| 13. | Организирање на јавни настани и манифестации за одглед. и вдомување на кучиња | Општина Демир Хисар | 5.000,00 |
| 14. | Непредвидени трошоци | Општина Демир Хисар | 3.000,00 |
| | | | |
| **Вкупно** | | | **200.000,00** |

## 7. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма ќе ја реализира субјект кој општината ќе го избере на јавен повик и кој ги исполнува условите за изведување на активностите согласно закон.

Доколку на јавниот повик не се јави изведувач на програмата, општината Демир Хисар се задолжува во рок од 15 дена, договорно да ангажира двајца лиценцирани заловувачи, како и фирма која ќе изврши транспорт на заловените кучиња до институција во која треба да се изврши третирање на заловените кучиња-скитници.

**8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година, ќе се применува по одобрување на истата од Агенцијата за храна и ветеринарство на РСМ, и донесување од страна на Советот на општината.

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за инспекциски надзор во Општина Демир Хисар. За спроведените активности на терен, изведувачот е должен да изготвува квартални извештаи кои ќе бидат доставени до Градоначалникот и годишен извештај кој ќе биде доставен за усвојување од Советот на општината.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17- 304/12
14.03.2023 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за дополнување на Програмата за работа во областа за располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година**

1.Ја објавувам Програмата за дополнување на Програмата за работа во областа со раполагањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија за 2023 година донесена на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-344/11**
**16.03.2023 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 99 став 1 точка 1, а во врска со член 47 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ” бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16, 275/19), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ” бр.5/02 и член 43 став 17 од Статутот на општина Демир Хисар („Сл.весник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 14.03.2023 година, донесе

**Програма за дополнување на Програмата за работа во областа за располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши дополнување на Програмата за работа во областа со раполагањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија за 2023 година со број 17-1498/18 од 21.12.2022 година.

**Член 2**

Во глава 2 која се однесува на Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата се додава нова точка која гласи:

2.1.5 Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менацирање во населено место Демир Хисар, идентификувани со број на градежна парцела, согласно Детален урбанистички план за ИНДУСТРИСКА ЗОНА- Демир Хисар донесен со Одлука на Совет за донесување на ДУП за Индустриска зона во Демир Хисар со број 08-120/1 од 02.09.1994 разработен со Архитектонско урбанистички проект за препарцелација на ГП на КП 233/1, КП 233/2, дел од КП 233/3, дел од КП 233/4, дел од КП 233/5, дел од КП 233/6, дел од КП 74/1 и дел од КП 2259, КО Стругово од ДУП за индустриска зона во Демир Хисар, одобрен од Градоначалник со Решение за одобрување со број 11-605/18 од 25.11.2020 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР | | |
| | Градежна парцела | ГП 1.3 | ДУП за Индустриска зона-Демир Хисар АУП за препарцелација на ГП на КП 233/1, КП 233/2, дел од КП 233/3, дел од КП 233/4, дел од КП 233/5, дел од КП 233/6, дел од КП 74/1 и дел од КП 2259, КО Стругово од ДУП за индустриска зона во Демир Хисар |

**<u>Информации за градежната парцела</u>**

1.Нумерација на градежна парцела ГП 1.3

2.Група на класи на намена Г

3.Основна класа на намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија

4.Компатибилна класи намена Д4, Г3, Г4

5.Површина на градежната парцела 6.646,10 м2

6.Утврден дел (простор) од градежната парцела

за градење на повеќе градби 3.817,04 $м^2$

7.Бруто развиена површина 7635,48 $м^2$

8.Максимална височина на градбите до венец 18.00 м

9.Максимален број на спратови П+1

10.Максимален процент на изграденост 57,44%'

11.Коефициент на искористеност во однос на градежната парцела 1,15%

12.Почетна/Утврдена цена по $м^2$ 61,00 денар

13.Вкупна почетна/Утврдена цена 405.412,01 денари



**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

**Бр.17- 304/13** **Совет на Општина Демир Хисар**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар донесено на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-344/12** **Општина Демир Хисар**
**16.03.2023 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Р.М“ бр.5/02), како и член 43 став 1 точка 5 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисарбр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21”), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.03.2023 година,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1. Со ова Решение се разрешува Магдалена Вељановска од член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар именувана со Решение бр.17-415/17 од 13.04.2022 година.

2. Разрешувањето се врши поради поднесена оставка бр.17-291/1 од 03.03.2023 година.

3.За член во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар се именува

- **Иван Балуловски од с.Слепче**

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на Совет на општина Демир Хисар, архива на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, разрешен член и именуван член.

**Бр.17- 304/14** **Совет на Општина Демир Хисар**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Љупчо Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар донесено на 21-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 14.03.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-344/13** **Општина Демир Хисар**
**16.03.2023 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Р.М“ бр.5/02), како и член 43 став 1 точка 5 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисарбр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21”), а во врска со член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ“ бр.43/12), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.03.2023 година,донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар**

1. Со ова Решение се разрешува Александар Пејковски од член во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар именуван со Решение бр.17-415/33 од 13.04.2022 година.

2. Разрешувањето се врши врз основа на член 18 став 1 од Законот за спречување на судир на интереи („Сл.весник на РМ“ бр.128/09), по поднесено барање од ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар бр.17-277/1 од 27.02.2023 година.

3.За член во Управен одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар се именува

**Валентина Ѓорѓиовска од с.Кутретино**

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на  Совет на општина Демир Хисар, архива на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар, разрешен член и именуван член.

**Бр.17- 304/15** **Совет на Општина  Демир Хисар**
**14.03.2023 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Љупчо Најдовски с.р.**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок за усвојување на квартален извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2022 до 31.12.2022 година----------------------------------------------1
2.Завршна сметка на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година-----------------------------------------1
3.Годишен извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година-----------------2-9
4.Одлука за усвојување на извештајот за извршениот годишен попис на средства, побарувања и обврски во општина Демир Хисар со состојба на ден 31.12.2022 година---------------------------------------------------10
5.Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2023 година-------------11
6.Заклучок за усвојување на Програмски извештај за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2022 година--------------------------------------------------------------------------------------------------------------11-12
7.Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација и преглед на исплатени средства по проекти и намени, како и спецификации на трошоците за плата и комунални услуги по месеци од блок-дотацијата за 2022 година на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар -----------------------------------------12
8. Заклучок за усвојување на План за работа на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година-13
9.План за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на општина Демир Хисар за период 2023-2026 година-----------------------------------------------------------------------------------------------14-21
10.Пограма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Демир Хисар за 2023 година-------------------------------------------------------------------------------------------------------------22-27
11.Програма за дополнување на програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2023 година-----------------------------28-30
12.Решение за разрешување и именување на член во УО на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар------------31
13.Решение за разрешување и именување на член во УО на ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар----32-33

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**